Во следните три месеци, **седум граѓански организации**- грантисти на Граѓанскиот ресурсен центар ќе дадат солидарен одговор на кризната состојба предизвикана од КОВИД-19. Тие **ќе им помогнат на над 1000 социјално загрозени семејства, припадници на маргинализираните групи, земјоделци и жртви на семејно насилство**
.




Најголем дел од грантистите ќе обезбедат **хуманитарна помош за ранливите категории** граѓани со цел полесно да го надминат кризниот период, а останатите активности се однесуваат на **пружање психосоцијална поддршка на жртвите на семејно насилство и споделување корисни информации во заедниците**
.

Итните активности во главно ќе се спроведуваат локално, и тоа во Куманово, Прилеп, Гостивар, Берово, Пехчево, Делчево, Тетово и Скопје, додека дел од нив ќе обезбедат поддршка на национално ниво.

Листа на грантисти:

- **Здружение на граѓани за промовирање на културните и духовните вредности „Легис“ Скопје** со проектот „Ние можеме - Итна солидарна акција;
- **Сојуз – Национален совет за родова рамноправност** со проектот „Семејно насилство во состојба на социјална изолација“;
- **Хуманитарно добрchoчинително здружение „Света Мајка Тереза” – Куманово** со проектот „Само заедно ќе победиме”;
- **Здружение на граѓани Институт за зелени политики и развој Берово** со проектот „Мали индивидуални земјоделски производители, локална храна и Ковид-19: Што се треба да знаете?“;
- **Здружение за перспективна интеграција и развој „Рома перспектив“ Прилеп** со проектот „Целта на животот е солидарност преку помош“;
- **Здружение на лезбејки, геј, бисексуалци/ки и трансексуалци/ки – ЛГБТ Јунајтед Тетово** со проектот „Ковид-19 предизвик и за ЛГБТИ заедницата“;
- **Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина“ Гостивар** со проектот „Без корона помош до дома“.

Вкупниот фонд за оваа намена е 715.631 денари.

На повикот за грантови за итни интервенции за справување со кризната состојба предизвикана од КОВИД-19, аплицираа 107 граѓански организации од сите плански региони.